# СЛУЖ

НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА Ф

„СЛУЖБЕН ЛИСТ НА СФРЈ" излегува во издание на српскохрватски односно хрватскосрпски словенечки, македонски албански и унгарски јазик — Огласи според тарифата — Жиро-сметка кај Службата на општественото книговодство 60802 603 1125

Четврток, 26 јули 1973

БЕЛГРАД

БРОЈ 41 ГОД. XXIX

Цена на овој број е 4 динари. — Претплатата за 1973 година изнесува 270 динари — Редакција: Улица Јована Ристића бр. 1 Поштенски фах 226 — Телефони централа 650-155: Уредништво 651-685: Служба за претплата 651-732: Комерцијален сектор 651-671: телекс 11756


**538.**

Врз основа на член 30 став 4 од Законот за општествена контрола на цените („Службен лист на СФРЈ", бр. 25/72 и 35/72), Сојузниот извршен совет донесува

## УРЕДБА

### ЗА ДОПОЛНЕНИЈА НА УРЕДБАТА ЗА НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА ЗА СКЛУЧУВАЊЕ НА ОПШТЕСТВЕНИ ДОГОВОРИ ЗА ЦЕНИ

Член 1

Во Уредбата за начинот и постапката за склучување на општествени договори за цени („Службен лист на СФРЈ", бр. 26/72 и 21/73) по член 1 се додава нов член 1а, кој гласи:

„Со општествените договори се регулираат, врз долгорочна основа, меѓусебните односи на групациите кои технолошки и економски сочинуваат поврзани целини на целокупниот производствен и прометен процес.

Со општествениот договор, заради обезбедување на економската сигурност, се регулираат особено: обврските и правата во поглед на снабдувањето и преземањето на стоките и вршењето на услугите, прашањето на цените, на меѓусебниот развој, на заедничкото истражување и вложување и на организираното настапување на домашниот и странскиот пазар."

Член 2

Во член 2 по став 1 се додаваат два нови става, кои гласат:

„Со критериумите за формирање на цените на производите и услугите што можат да бидат предмет на меѓународна размена поблиску се одредува цената на странскиот пазар на производите и услугите што се предмет на општествениот договор, како и начинот на долгорочно усогласување на домашните цени со цените во меѓународната размена.

Врз основа на критериумите од ст. 1 и 2 на овој член цените можат да се формираат најмногу до нивото утврдено со политиката на цените за тековната година."

Досегашниот став 2 станува став 4.

Член 3

Во член 4 по став 1 се додаваат три нови става, кои гласат:

„Предлогот мора да содржи: предмет, цел, содржина и основна концепција за решавање на пошироките општествено-економски односи во врска со цените, како и образложение за општествено-економската оправданост на договорот.

Предлогот за склучување на општествениот договор го разгледуваат надлежните органи на учесниците во договарањето, кои ја оценуваат општествено-економската оправданост на општествениот договор и одредуваат свој претставник во постапката за склучување на општествениот договор.

Учесниците во постапката за склучување на општествениот договор спогодбено ја утврдуваат документацијата која ќе служи како основа за склучување на општествениот договор."

Досегашните ст. 2 и 3 стануваат ст. 5 и 6.

Член 4

Во член 9 по став 1 се додава нов став 2, кој гласи:

„Нов општествен договор не може да се склучи и измени и дополненија на важечкиот општествен договор не можат да се вршат пред истекот на 12 месеци од денот на потпишувањето на важечкиот општествен договор, освен во случај на поголеми нарушувања во односите на пазарот и во движењата на цените."

Член 5

Оваа уредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Р. п. бр. 213
19 јули 1973 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Претседател,
**Џемал Биедиќ**, с. р.

---

**539.**

Врз основа на член 31 став 1 од Законот за општествена контрола на цените („Службен лист на СФРЈ", бр. 25/72 и 35/72), Сојузниот извршен совет донесува

## ОДЛУКА

### ЗА ОДРЕДУВАЊЕ НА МАКСИМАЛНИТЕ ЦЕНИ ЗА ЈАГЛЕН

1. Производителските организации на здружениот труд — производители на јаглен можат да ги зголемат своите постојни продажни цени за јаглен за продажба на термоелектраните, и тоа:

| | Дин/$10^6$Kcal |
|---|---|
| 1) за камен јаглен | до 40,64 |
| 2) за мрк јаглеч | до 37,19 |
| 3) за лигнит | до 34,60 |

Овие цени важат франко натоварено во вагон во местото на производителот, при задржување на постојните услови на продажбата.

2 Производителските организации на здружениот труд — производители на јаглен што со термоелектраните склучиле долгорочни договори за снабдувањето и динамиката на испораката на јаглен, можат да го продаваат јагленот по цените од тие договори, со тоа што тие цени за јаглен да не можат да бидат основ за зголемување на цените на електричната енергија.

3. Производителските организации на здружениот труд — производители на јаглен можат да ги зголемат постојните продажни цени за продажба на јаглен на другите потрошувачи најмногу до 5%, при задржување на постојните услови на продажбата.

4. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Р. п. бр. 204
19 јули 1973 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Претседател,
**Џемал Биедиќ**, с. р.

---

**540.**

Врз основа на член 3 од Законот за обезбедување средства на федерацијата за намирување на трошоците настанати во врска со сузбивањето на лигавката и шапот („Службен лист на СФРЈ", бр. 28/73), Сојузниот извршен совет донесува

## ОДЛУКА

### ЗА ВИСОЧИНАТА И ПОБЛИСКАТА НАМЕНА НА ВКУПНИТЕ СРЕДСТВА ЗА ПОКРИТИЕ НА ТРОШОЦИТЕ НАСТАНАТИ СО ПРЕЗЕМАЊЕТО НА МЕРКИ ЗА СУЗБИВАЊЕ НА ЛИГАВКАТА И ШАПОТ ВО 1972 ГОДИНА ВО ОДРЕДЕНИ ГРАНИЧНИ ОПШТИНИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА АВТОНОМНА ПОКРАИНА ВОЈВОДИНА

1. За намирување на трошоците настанати со преземањето на мерки за сузбивање на лигавката и шапот во 1972 година на територијата на Социјалистичка Автономна Покраина Војводина се обезбедуваат средства во износ од 24,454.760 динари, што се употребени во следните износи:

| | Динари |
|---|---|
| 1) за набавка на вакцина | 10,723.446 |
| 2) за дезинфекција | 471.302 |
| 3) за надоместок за отепан добиток | 7,110.617 |
| 4) за вакцинација | 6,010.007 |
| 5) за услугите од Ветеринарниот институт во Нови Сад | 139.388 |

2. Средствата од точка 1 под 1 до 4 на оваа одлука ќе се користат за покритие на трошоците од тие одредби во општините Апатин, Сомбор, Суботица, Кањижа, Нови Кнежевац, Чока, Кикинда, Нова Црња, Житиште, Сечањ, Пландиште, Вршац и Бела Црква.

3. Средствата од точка 1 на оваа одлука ќе му се стават на располагање на Извршниот совет на Социјалистичка Автономна Покраина Војводина.

4. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Р. п. бр. 205
19 јули 1973 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Претседател,
**Џемал Биедиќ**, с. р.

---

**541.**

Врз основа на член 31 став 1 од Законот за општествена контрола на цените („Службен лист на СФРЈ", бр. 25/72 и 35/72), во врска со точка 1 од Одлуката за утврдување на основните земјоделски производи што се сметаат како земјоделски производи од интерес за целата земја („Службен лист на СФРЈ" бр. 40/72), Сојузниот извршен совет донесува

## ОДЛУКА

### ЗА ГАРАНТИРАНИТЕ ЦЕНИ ЗА ПЧЕНИЦА ОД РОДОТ НА 1974 ГОДИНА

1. На организациите на здружениот труд што се занимаваат со производство на пченица сами или во кооперација со индивидуални земјоделски производители и на индивидуалните производители (во натамошниот текст: производителите), им се обезбедуваат гарантирани цени за печницата од родот на 1974 година, и тоа за:

| | Дин/kg |
|---|---|
| 1) пченица од сорти на квалитетни групи А и Б | 1,67 |
| 2) пченица од сорти на квалитетна група Ц | 1,55 |

Цените од став 1 на оваа точка се подразбираат за пченица испорачана во месец јули. Овие цени се зголемуваат за секој следен месец почнувајќи од месец август па заклучно со месец мај наредната година, и тоа за:

| | Дин/kg |
|---|---|
| 1) пченица од квалитетни групи А и Б | 0,015 |
| 2) пченица од квалитетна група Ц | 0,015 |

Во јуни се применуваат цените од месец мај.

2. Сојузната дирекција за резерви на прехранбени производи (во натамошниот текст: Дирекцијата) е должна да ги купува по цените и под условите од оваа одлука сите количини пченица што производителите ќе ѝ ги понудат заради купување, и купената пченица што производителите ќе ѝ ја стават на располагање да ја преземе во рок од три месеци од денот на ставањето на располагање. Дирекцијата е должна да му ја плати на производителот гарантираната цена која важи за месецот во кој се презема пченицата.

3. Цените од точка 1 на оваа одлука се подразбираат франко вагон натоварна станица на производителот или франко магазин железничка станица на производителот или франко магазин на мелница за производителите што се занимаваат со производство на пченица сами или во кооперација со индивидуални земјоделски производители — по избор на Дирекцијата, а за индивидуалните производители — франко магазин на организациите на здружениот труд што Дирекцијата ги овластила да вршат откуп за нејзина сметка, и тоа за пченица зрела, здрава, без знаци на мувла и без туѓ вкус и миризба, употреблива за човечка исхрана, незаразена со пченични болести и штетници, од квалитет: 76 kg хектолитарска тежина, со 2% уродица и нечистотија и 13% влага.

4. Ако пченицата има поголема или помала хектолитарска тежина од онаа што е предвидена во точка 3 на оваа одлука, гарантираната цена се зголемува односно се намалува за 0,5% за секој килограм над или под предвидената хектолитарска тежина. Дропките се земаат предвид. Пченицата која има хектолитарска тежина поголема од 80 kg ќе се смета дека има хектолитарска тежина од 80 kg.

Ако пченицата има поголем или помал процент на уродица, нечистотија или влага од оној што е предвиден во точка 3 на оваа одлука, гарантираната цена за ист процент на уродица, нечистотија или влага под или над предвидениот ќе се намали односно ќе се зголеми за истиот процент. Дропките се земаат предвид. Кршени зрна помали од половина се сметаат во уродица.

Врз пченицата што има хектолитарска тежина помала од 74 kg или уродица и нечистотија повеќе од 5%, не се применуваат одредбите од оваа одлука.

5. Дирекцијата не е должна да купува понудена пченица што има процент на влага поголем од 14%.

Дирекцијата, по исклучок, може да презема пченица што има процент на влага поголем од 14%, со тоа што гарантираната цена на таквата пченица ќе се намали и за трошоците на сушењето. Трошоците на сушењето се утврдуваат со договор склучен помеѓу производителот и Дирекцијата.

За снетливост на пченицата во посилен степен и за замачканост и запаливост на пченицата ќе се одбие до 5% од гарантираната цена.

6. Дирекцијата и производителите ги регулираат со договорот роковите на преземањето и другите услови на испораката на пченицата.

7. Дирекцијата може да овласти одделни организации на здружениот труд да купуваат пченица за нејзина сметка во смисла на одредбите од оваа одлука.

8. Поблиски прописи за сортите на пченицата од точка 1 на оваа одлука донесува сојузниот секретар за земјоделство.

9. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Р. п. бр. 206
19 јули 1973 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Претседател,
**Џемал Биедиќ**, с. р.

**542.**

Врз основа на член 31 став 1, во врска со член 28 од Законот за општествена контрола на цените („Службен лист на СФРЈ", бр. 25/72 и 35/72), Сојузниот извршен совет донесува

## ОДЛУКА

### ЗА УСЛОВИТЕ НА ПРОДАЖБАТА ПРИ ФОРМИРАЊЕТО НА ЦЕНИТЕ НА ПРОИЗВОДИТЕ И УСЛУГИТЕ

1. Производителските и други организации на здружениот труд при формирањето на продажните цени можат да ги земат предвид и условите на продажбата како што се: местото на испораката, рабатот, супер-рабатот, ризиците и другите бонификации и услови, каса-сконтото, пресметката на амбалажата и др.

Со изменатата на условите на продажбата од став 1 на оваа точка не можат да се зголемуваат продажните цени на производите и услугите што се максимирани, одредени како затечени или чиј начин на формирање со важечките прописи е одреден на друг начин.

2. По исклучок од одредбата на точка 1 став 2 од оваа одлука, производителските организации на здружениот труд, при продажбата на производи на трговските организации на здружениот труд, можат да ги влошуваат условите на продажбата (рабат од малопродажна цена, количински рабат, супер-рабат, каса-сконто и други бонификации) што влегуваат во вкупниот приход на трговската организација на здружениот труд, а не можат да ги влошуваат условите на продажбата (редовен рабат, место на испораката, пресметка на амбалажата и др.) што непосредно се искажуваат во фактурата и се земаат предвид при формирањето на продажната цена за крајна потрошувачка.

3. Поблиски објаснениј за тоа на кои услови на продажба се однесува одредбата од точка 2 на оваа одлука, дава, по потреба, Сојузниот секретаријат за пазарот и цените.

4. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Р. п. бр. 207
19 јули 1973 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Претседател,
**Џемал Биедиќ**, с. р.

**543.**

Врз основа на член 20 став 2 од Законот за Царинската тарифа („Службен лист на СФРЈ", бр. 34/65, 49/66 5/67, 54/67, 9/68, 22/68, 30/68, 17/69, 27/69, 52/69, 22/70, 25/70, 58/71, 63/72 и 71/72), Сојузниот извршен совет донесува

## ОДЛУКА

### ЗА ДОПОЛНЕНИЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПРИМЕНА НА БЕНЕФИЦИРАНИ ЦАРИНСКИ СТАПКИ ЗА СПЕЦИФИЧНАТА ОПРЕМА НА НЕКОИ ГРУПАЦИИ НА СТОПАНСТВОТО, ЗА КОЈА ПРИЈАВАТА ЗА СКЛУЧЕНАТА РАБОТА НА УВОЗ НА СТОКИ Ѝ Е ПОДНЕСЕНА НА НАДЛЕЖНАТА БАНКА ДО 31 ДЕКЕМВРИ 1972 ГОДИНА, А УВОЗОТ ЌЕ СЕ ИЗВРШИ ДО 30 СЕПТЕМВРИ 1973 ГОДИНА

1. Во Одлуката за примена на бенефицирани царински стапки за специфичната опрема на некои групации на стопанството, за која пријавата за склучената работа на увоз на стоки ѝ е поднесена на надлежната банка до 31 декември 1972 година а увозот ќе се изврши до 30 септември 1973 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 20/73) во точка 1 под 33 на крајот се додаваат запирка и зборовите: „односно ако договорот врз основа на кој се увезува опремата, според посебни прописи, е одобрен од надлежниот сојузен орган на управата до 31 декември 1972 година".

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ", а ќе се применува почнувајќи од 1 јануари 1973 година.

Р. п. бр. 208
19 јули 1973 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Претседател,
**Џемал Биедиќ**, с. р.

**544.**

Врз основа на член 37 став 2 од Законот за прометот на стоки и услуги со странство („Службен лист на ФНРЈ" бр. 27/62 и „Службен лист на СФРЈ" бр. 14/65, 28/66, 54/67, 15/71, 29/71 и 26/72), Сојузниот извршен совет донесува

## ОДЛУКА

### ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНЕНИЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОДРЕДУВАЊЕ НА СТОКИТЕ ЗА КОИ СТОКОВНИТЕ КОНТИНГЕНТИ И ДЕВИЗНИТЕ КОНТИНГЕНТИ ГИ УТВРДУВА СОЈУЗНИОТ СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА НАДВОРЕШНА ТРГОВИЈА

1. Во Одлуката за одредување на стоките за кои стоковните контингенти и девизните контингенти ги утврдува Сојузниот секретаријат за надворешна трговија („Службен лист на СФРЈ", бр. 14/72) во точка 1 ред. бр. 70, 73, 74, 79, 85, 86, 87, 88, 89, 91, 92, 93, 94, 95, 114 и 115 се бришат.

По ред. бр. 104 се додаваат три нови редни броја, кои гласат:

| | | |
|---|---|---|
| „104а | 84.52/1а | Машини за сметање, рачни |
| 104б | 84.52/1б-1 | Машини за сметање, електрични, со вграден механизам за сите операции |
| 104в | 84.52/1б-2 | Машини за сметање, електрични, други, т. е. за една до три сметковни операции". |

По ред. бр. 107 се додава нов ред. бр. 107а, кој гласи:

„107а 84.63/3в Лизгачки лежишта“.

По ред. бр. 112 се додава нов ред бр. 112а, кој гласи:

„112а 89.04 Бродови, чамци и други пловила за рекење“.

2. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ“.

Р. п. бр. 210
19 јули 1973 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Претседател,
**Џемал Биедиќ**, с. р.

---

**545.**

Врз основа на член 8 од Законот за Сојузниот извршен совет („Службен лист на СФРЈ“, бр. 32/71 и 54/71), Сојузниот извршен совет донесува

## ОДЛУКА

### ЗА ФОРМИРАЊЕ СОВЕТ ЗА ПРАШАЊА НА ОПШТЕСТВЕНО-ПОЛИТИЧКИОТ СИСТЕМ

1. Советот за прашања на општествено-политичкиот систем (во понатамошниот текст: Советот) ги разгледува прашањата на изградбата и на натамошниот развиток на општествено-политичкиот систем утврден со Уставот на СФРЈ; ги разгледува предлозите на закони и на други акти од надлежноста на органите на федерацијата со кои се уредуваат основните односи во областа на општествено-политичкиот систем; ги разгледува односите во оваа област и за тие прашања му дава мислење и предлози на Сојузниот извршен совет.

На барање од соборите на Сојузната скупштина, од Претседателството на СФРЈ, од Сојузниот извршен совет, од собранијата на републиките и собранијата на автономните покраини и нивните извршни совети, Советот разгледува одделни прашања од областите наведени во став 1 на оваа точка и им дава мислење и предлози на тие органи.

2. Предлозите односно ставовите заземени по прашањата од точка 1 став 1 на оваа одлука, Советот ги доставува до Сојузниот извршен совет.

3. Советот го сочинуваат претседател и членови, кои ги именува и ги разрешува од должност Сојузниот извршен совет.

Претседателот на Советот се именува од редот на членовите на Сојузниот извршен совет.

Членовите на Советот се именуваат од редот на членовите на Сојузниот извршен совет, на републичките и покраинските извршни совети, од претставници на општествено-политичките организации на ниво на федерацијата и од истакнати научни и стручни работници.

Членовите на Советот од редот на членовите на републичките и покраинските извршни совети се именуваат на предлог од тие совети, а претставниците на општествено-политичките организации — на предлог од извршните органи на тие организации.

4. Проучувањето и подготвувањето на одредени прашања од својот делокруг Советот може да им го довери на научни односно стручни установи или за таа цел да формира работни групи и други работни тела.

По заклучок на Советот или на барање од претседателот на Советот, сојузните органи на управата и сојузните организации проучуваат одделни прашања и подготвуваат анализи и други материјали потребни за работата на Советот.

5. Советот работи во седници. Седниците на Советот ги свикува и со нив раководи претседателот на Советот.

Во работата на седницата на Советот учествуваат и старешините на сојузните органи на управата и на сојузните организации по прашањата што се однесуваат на делокругот на органиот односно организацијата со која раководат, како и раководителите на работните групи односно на работните тела кога Советот разгледува прашања по кои односната работна група или работно тело дало мислење.

6. Организацијата и работата на Советот се уредува со деловникот на Советот, што го донесува Советот.

7. Вршењето на стручните и административните работи за потребите на Советот го обезбедува секретарот на Сојузниот извршен совет.

8. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ“.

Р. п. бр. 211
19 јули 1973 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Претседател,
**Џемал Биедиќ**, с. р.

---

**546.**

Врз основа на член 8 од Законот за Сојузниот извршен совет („Службен лист на СФРЈ“, бр. 32/71 и 54/71), Сојузниот извршен совет донесува

## ОДЛУКА

### ЗА ФОРМИРАЊЕ СТОПАНСКИ СОВЕТ

1. Стопанскиот совет (во понатамошниот текст: Советот) ги разгледува прашањата на изградбата и на развојот на стопанскиот систем утврден со Уставот на СФРЈ, на усогласувањето на стопанскиот развиток на Југославија и на остварувањето на утврдената економска политика, на усогласувањето и насочувањето на работата на сојузните органи на управата и на сојузните организации во областа на стопанството; ги разгледува предлозите на закони и на други акти од надлежноста на органите на федерацијата со кои се уредуваат основните односи во областа на стопанскиот систем; го разгледува остварувањето на политиката во областа на стопанството; изградува ставови по тие прашања и поведува иницијатива и дава предлози за нивното остварување.

На барање од соборите на Сојузната скупштина, од Претседателството на СФРЈ, од Сојузниот извршен совет, од собранијата на републиките и собранијата на автономните покраини и нивните извршни совети, Советот разгледува одделни прашања од областите наведени во став 1 на оваа точка и им дава мислење односно предлози на тие органи.

2. Предлозите односно ставовите заземени по прашањата од точка 1 став 1 на оваа одлука, Советот ги доставува до Сојузниот извршен совет.

3. Советот го сочинуваат претседател и членови, кои ги именува и ги разрешува од должност Сојузниот извршен совет.

Претседателот на Советот се именува од редот на членовите на Сојузниот извршен совет.

Членовите на Советот се именуваат од редот на членовите на Сојузниот извршен совет, на републичките и покраинските извршни совети, од претставници на општествено-политичките организации на ниво на федерацијата, од претставник на Стопанската комора на Југославија и од истакнати општествено-политички, научни и стручни работници.

Членовите на Советот од редот на членовите на републичките и покраинските извршни совети се именуваат на предлог од тие совети, а претставниците на општествено-политичките организации и претставникот на Стопанската комора на Југославија — на предлог од извршните органи на тие организации.

4. Проучувањето и подготвувањето на одредени прашања од својот делокруг Советот може да им го довери на научни односно стручни установи или за таа цел да формира работни групи и други работни тела.

По заклучок на Советот или на барање од претседателот на Советот, сојузните органи на управата и сојузните организации проучуваат одделни прашања и подготвуваат анализи и други материјали потребни за работата на Советот.

5. Советот работи во седници. Седниците на Советот ги свикува и со нив раководи претседателот на Советот.

Во работата на седницата на Советот учествуваат и старешините на сојузните органи на управата и на сојузните организации по прашањата што се однесуваат на делокругот на органот односно организацијата со која раководат, како и раководителите на работните групи односно на работните тела кога Советот разгледува прашања по кои односната работна група или работно тело дало мислење.

6. Организацијата и работата на Советот се уредуваат со деловникот на Советот, што го донесува Советот.

7. Вршењето на стручните и административните работи за потребите на Советот го обезбедува секретарот на Сојузниот извршен совет.

8. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Р. п. бр. 212
19 јули 1973 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Претседател,
**Џемал Биедиќ**, с. р.

---

**547.**

Врз основа на член 20 став 2 од Законот за Царинската тарифа („Службен лист на СФРЈ", бр. 34/65, 49/66, 5/67, 54/67, 9/68, 22/68, 30/68, 17/69, 27/69, 52/69, 22/70, 25/70, 58/71, 63/72 и 71/72), Сојузниот извршен совет донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА ОДРЕДУВАЊЕ НА ПОНИСКИ ЦАРИНСКИ СТАПКИ ЗА СПЕЦИФИЧНАТА ОПРЕМА ШТО СЕ КОРИСТИ ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО

1. Врз увозот на производите од подолу наведените тарифни броеви односно ставови на Царинската тарифа — специфична опрема што се користи во земјоделството, наместо царинските стапки предвидени во Царинската тарифа односно во Решението за одредување на пониски царински стапки на увоз на одредени производи („Службен лист на СФРЈ", бр. 10/73), ќе се применуваат следните царински стапки:

| Тарифен број | Наименување | Царинска стапка |
|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 |
| 84.10/2 | Ротациони пумпи | |
| | Ex. | |
| | — Полжавести пумпи капацитет над 100 m³/час и притисок 10 АТ за црпење течни ѓубриња | 5 |
| | — Пумпи за црпење течни ѓубриња | 5 |
| 84.24/1в | Плугови тракторски | |
| | Ex. | |
| | Плугови носени и полуносени со четири и повеќе плужни тела, за трактори на тркала | 5 |
| 84.24/2б | Култиватори тракторски | |
| | Ex. | |
| | Култиватори за претсеидбена подготовка на земја со работен зафат над 5 m | 5 |
| 84.24/5б | Чинијарки тракторски | |
| | Ex. | |
| | Чинијарки тракторски со работен зафат над 4 m | 5 |
| 84.24/7б | Трактори расфрлачи на ѓубриња | |
| | Ex | |
| | — Трактори расфрлачи на шталско ѓубре носивост над 5 t | 5 |
| | — Расфрлачи на минерално ѓубре носивост над 500 kg | 5 |
| 84.24/9а и б | Машини за садење, култивирање и други, за градинарството | |
| | Ex. | |
| | — Машини за садење, влечени и носени | 5 |
| | — Машини за садење, самоходни | 5 |
| 84.25/1б | Влечени комбајни за жито | 5 |
| 84.25/3а | Други комбајни, самоходни | |
| | Ex. | |
| | — Комбајни за вадење компир | 5 |
| | — Комбајни за вадење репа | 5 |
| | — Комбајни за берење памук | 5 |
| | — Комбајни за силажа | 5 |
| | — Комбајни за берење боранија, грашок, домати, грав, краставици и пиперки | 5 |
| 84.25/3б | Други комбајни влечени | |
| | Ex. | |
| | — Комбајни за вадење репа | 5 |
| | — Комбајни за вадење компир | 5 |
| | — Комбајни за берење памук | 5 |
| | — Комбајни за берење боранија, грашок, домати, краставици и пиперки | 5 |
| 84.25/4б и в | Тракторски и самоходни самоврзувачки и жетварки | 5 |
| 84.25/5б | Косачки тракторски | |
| | Ex. | |
| | Тракторски косачки комбинирани со гмечалка | 5 |
| 84.25/5в | Косачки самоходни | |
| | Ex. | |
| | Косачки самоходни комбинирани со гмечалка | 5 |
| 84 25/6а и б | Вршалки со и без елеватор | 5 |
| 84.25/9 | Преси за сено и слама | 5 |
| 84.25/10а и б | Машини за вадење компир и репа | 5 |
| 84 25/12 | Други машини, апарати и справи за берба и вршидба | |
| | Ex. | |
| | — Копачки за вадење плодови на морков и кикиритки | 5 |
| | — Машини за сушење памук | 5 |
| | — Пречистувачи за памук | 5 |
| 84.26/1 | Машини за молзење | 5 |
| 87.01/1б | Други трактори на тркала | |
| | Ex. | |
| | Трактори јачина над 120 KS според DIN | 5 |

2. Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ", а ќе се применува од 1 јануари 1973 година.

Р. п. бр. 209
19 јули 1973 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Претседател,
**Џемал Биедиќ**, с. р.

---

**548.**

Врз основа на Уставниот амандман XXIX, СР Босна и Херцеговина, СР Црна Гора, СР Хрватска, СР Македонија, СР Словенија, СР Србија, САП Косово и САП Војводина, кои ги застапуваат овластени претставници, склучуваат

# ДОГОВОР

## ЗА ЗАЕДНИЧКИТЕ ОСНОВИ ЗА ПРОШИРЕНА РЕПРОДУКЦИЈА ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО ОД 1973 ДО КРАЈОТ НА 1975 ГОДИНА И ЗА ПОЛИТИКАТА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА ПРОИЗВОДСТВОТО НА ИНДИВИДУАЛНИТЕ ЗЕМЈОДЕЛСКИ СТОПАНСТВА

### I. Општи одредби

Член 1

Социјалистичките републики и социјалистичките автономни покраини, врз основа на своите општествени планови, заеднички констатираат дека, во согласност со општиот стопански развој и со компаративните предности и можности на одделни подрачја, е потребно побрзо да се развива земјоделството во целата земја, и се согласни дека во наредниот период треба да се постигне таков растеж на земјоделското производство кој ќе обезбеди задоволување на домашната потрошувачка на основни земјоделски производи и економски рационален извоз на некои земјоделско-прехранбени производи.

Републиките и автономните покраини констатираат дека, со развојот на земјоделството, треба да се постигне побрз развој на социјалистичките самоуправни општествено-економски односи во земјоделството и на село.

Заради остварување на целите од ст. 1 и 2 на овој член, републиките и автономните покраини истакнуваат дека е неопходно да се обезбедат соодветни вложувања во развојот на земјоделството во сите региони на земјата, и тоа како на општествениот сектор така и на индивидуалните стопанства.

Член 2

Заради остварување на програмата за развој на земјоделството и на вложувањата во развојот на земјоделството, републиките и автономните покраини ќе се залагаат за тоа помеѓу земјоделските организации на здружениот труд, организациите на здружените индивидуални производители и организациите на здружениот труд од областа на прометот и прехранбената индустрија, да се склучи самоуправна спогодба за здружување на средствата потребни за вложувањето во развојот на земјоделското производство.

Републиките и автономните покраини со мерки на економската политика ќе го поттикнуваат побрзиот развој на земјоделството преку општествено договарање и самоуправно спогодување и ќе обезбедуваат услови за здружување на средства заради остварување на задачите од овој договор.

Член 3

Републиките и автономните покраини со општи системски и интервентни мерки ќе го помагаат предвидениот развој на земјоделството во рамките на обврските од овој договор.

Републиките и автономните покраини констатираат дека основ на развојот на земјоделството во идниот период претставуваат општествено организираното производство во земјоделските организации на здружениот труд и во организациите на здружените земјоделски производители и индивидуалните производители кои, во различни облици на производство и деловна соработка меѓу себе и со организации на здружениот труд, и при активната политика на банките, врз самоуправна основа, ги регулираат сопствените и меѓусебните обврски во поглед зголемувањето на земјоделското производство и на тој начин ги исполнуваат задачите усвоени со општествените планови на развојот.

Републиките и автономните покраини ќе ја усогласуваат својата политика со општините и ќе водат активна политика на договорање во федерацијата, за и федерацијата со своите мерки да придонесе за остварувањето на целите од овој договор.

Член 4

Републиките и автономните покраини констатираат дека за остварувањето на целите од член 1 на овој договор, до крајот на 1975 година треба да се обезбедат годишни вложувања од најмалку 2.000,000.000 динари на општествените стопанства и од 2.200,000.000 динари на индивидуалните стопанства (пресметано по цените од 1970 година).

Средствата од став 1 на овој член ќе се обезбедат од средствата на организациите на здружениот труд, од здружените средства во банките и од средствата што се обезбедуваат со овој договор.

### II. Проширена репродукција во општествениот сектор на земјоделството

Член 5

Републиките и автономните покраини ќе создаваат услови секоја година на нивната територија да се оствари обемот на вложувањата во земјоделството на општествениот сектор предвиден со нивните среднорочни планови на општествениот развој, а најмалку обемот кој одговара на учеството на нивниот општествен производ од општествениот сектор на земјоделството во целокупниот општествен производ на општествениот сектор на земјоделството во Југославија, што во целост треба да обезбеди вложувања најмалку во обемот од член 4 на овој договор.

Член 6

За остварување на целите од овој договор односно заради зголемување на обемот и рационалноста на вложувањата за зголемување на производството на пченица, сончоглед, шекерна репа и млеко на општествените стопанства, републиките и автономните покраини со овој договор обезбедуваат дополнителни средства во височина од 500,000.000 динари, односно ревалоризирано на цените од 1973 година во височина од 750,000.000 динари, од изворите и по годините на следниот начин:

| | Милиони динари | | |
|---|---|---|---|
| | 1973 година | 1974 година | 1975 година |
| Додатни средства Вкупно | 465 | 750 | 750 |
| од тоа: | | | |
| 1) средства добиени од основниот данок на промет | 300 | 330 | 350 |
| 2) средства на динарската противвредност на странските кредити | 165 | 165 | — |
| 3) кредити од Меѓународната банка за обнова и развој | — | 165 | 330 |
| 4) други домашни извори | — | 90 | 70 |

Член 7

Средствата од член 6 точка 1 на овој договор ќе бидат обезбедени од основниот данок на промет на стоки на мало (тар. број 1 од Тарифата на основниот данок на промет) во височината која одговара на стапката на овој данок од 0,5%.

Средствата од став 1 на овој член републиките и автономните покраини секоја година ќе ги издвојуваат од збирните сметки на приходите и ќе ги уплатат на посебна сметка кај Службата на општественото книговодство на Југославија.

Издвојувањето и уплатувањето на средствата од став 1 на овој член на посебната сметка, како и користењето на тие средства, се уредува со сојузен закон усогласен со републиките и автономните покраини.

Член 8

Средствата од член 7 на овој договор ќе се користат за исплата на премии на организациите на здружениот труд за произведени и продадени количини производи од општествениот сектор (развојна премија), и тоа за:

| | |
|---|---|
| — пченица | 0,10 динари за еден kg |
| — сончоглед | 0,20 динари за еден kg |
| — шеќерна репа | 0,03 динари за еден kg |
| — млеко | 0,25 динари за еден l |

Средствата од наплатената премија организациите на здружениот труд ќе ги издвојуваат на посебна сметка и ќе ги користат за вложувања во зголемување на производството на производите од став 1 на овој член. Издвоените средства не можат да се користат пред да биде склучена самоуправна спогодба за намените и за начинот на користење на тие средства.

Републиките и автономните покраини се согласни со сојузен закон да се овласти Сојузниот извршен совет да пропише услови под кои организациите од став 1 на овој член имаат право на развојна премија и поблиски услови за исплата на оваа премија. и да се овластат сојузните органи да донесат поблиски прописи за начинот на остварувањето на развојната премија.

Член 9

Средствата добиени на име развојна премија организациите на здружениот труд можат да ги обединуваат заради заедничко вложување во земјоделското производство (точка 7 од Уставниот амандман XXI).

Републиките и автономните покраини ќе даваат иницијатива за склучување на самоуправни спогодби за обединување и насочување на средствата добиени на име развојна премија, а според потребата ќе пропишат обврска за здружување и насочување на користењето на тие средства заради остварување на целите утврдени со овој договор.

Член 10

Средствата на динарската противвредност на странските кредити од член 6 точка 2 на овој договор, пресметани по официјалниот курс, ќе бидат распоредени врз републиките и автономните покраини, според нивното учество во општествениот производ на општествениот сектор на земјоделството (принцип на чиста дејност) во 1971 година.

Средствата од став 1 на овој член републиките и автономните покраини преку банките, што тие ќе ги одредат, ќе ги насочуваат во инвестиции во земјоделството на општествениот сектор, утврдувајќи ја нивната намена така што првенствено да се оствари зголемување на производството на производите од член 8 на овој договор.

Член 11

Средствата на кредитите од Меѓународната банка за обнова и развој од член 6 точка 3 на овој договор, ќе се користат со методот на непосредно одобрување за големи проекти и со метотод на посредно кредитирање по пат на тн. кредитна линија.

Републиките и автономните покраини се согласни Сојузниот секретаријат за финансии со Меѓународната банка за обнова и развој да склучи спогодба за отворање на посебна кредитна линија за кредитирање на инвестиции на општествениот сектор на земјоделството во износот предвиден во член 6 точка 3 на овој договор, и носител на посебната кредитна линија да биде Војвоѓанската банка во Нови Сад.

Член 12

Заради порационално користење на средствата од редовната и посебната кредитна линија, одобрена од страна на Меѓународната банка за обнова и развој и од други финансиски организации во странство, републиките и автономните покраини ќе образуваат меѓурепубличко тело во кое влегуваат и претставници на Сојузниот секретаријат за земјоделство, на Сојузниот секретаријат за финансии и на Сојузниот секретаријат за пазарот и цените, чија задача ќе биде да ја координира работата на подготвување на програми и на обезбедување и користење на средствата за инвестиции во земјоделското производство на општествениот сектор.

Член 13

Републиките и автономните покраини се согласни да обезбедат своја гаранција за инвестиционите кредити што произлегуваат од меѓународни извори, добиени во согласност со овој договор, а кои се користат за објектите на нивната територија.

Член 14

Покрај средствата наведени во член 6 на овој договор, републиките и автономните покраини, во согласност со сопствените биланси можности, ќе преземаат и други мерки за зголемување на обемот и на рационалноста на вложувањата во општествениот сектор на земјоделството.

Со мерките од став 1 на овој член, републиките и автономните покраини ќе влијаат врз условите за одобрување инвестициони заеми на организациите на здружениот труд во областа на земјоделството.

Републиките и автономните покраини се согласни основниот данок на надоместоци за услуги да не се плаќа на каматите на кредитите пласирани во инвестиции во општествениот сектор на земјоделството.

Републиките и автономните покраини се согласни нивните органи заедно со Сојузниот секретаријат за земјоделство и со Сојузниот секретаријат за финансии, во рок од три месеци од денот на потпишувањето на овој договор, да го разгледаат проблемот за бенефицирање на каматите од становиштето на неопходно стимулирање и насочување на странските и домашните средства кон вложување во земјоделството и да подготват и предложат републиките и автономните покраини да донесат соодветни заеднички мерки на тоа подрачје.

Член 15

Републиките и автономните покраини се согласни со свои прописи да ги ослободат сите организации на здружениот труд од обврските за плаќање данок на доход за делот на доходот што го вложуваат во развојот на земјоделството. САП Војводина ќе ја спроведе оваа мерка во согласност со билансните можности.

**III. Основи на политиката спрема индивидуалните производители**

Член 16

Републиките и автономните покраини со мерките на економската политика и со други мерки за поттикнување на земјоделското производство и на неговиот развој, како и со усвојување на соодветни закони, ќе овозможат различни облици на здружување на индивидуални земјоделски производители

и на нивните средства, како меѓусебно, така и со организациите на здружениот труд, што ќе овозможи посилно вклучување на индивидуалните производители на пазарот и ќе ја зголемува материјалната основа за развој на самоуправните и доходовните односи и социјална сигурност на здружените индивидуални производители.

Член 17

Републиките и автономните покраини се обврзуваат дека, заради зголемување на пазарното производство, а во согласност со потребата од зголемување на продуктивноста на трудот и на порастот на доходот на индивидуалните производители, во рамките на своите надлежности, ќе ги преземаат потребните мерки заради создавање услови за:

1) побрза модернизација на производството, особено во различни облици на производствена и деловна соработка меѓу земјоделските производители и помеѓу индивидуалните земјоделски производители и организациите на здружениот труд;

2) кредитирање на кооперативното производство преку организациите на здружениот труд;

3) организација и софинансирање на службата за унапредување на земјоделството;

4) соодветна даночна политика, со која ќе се насочуваат и поттикнуваат вложувањата во земјоделството и развојот на земјоделското производство, во согласност со целите на овој договор;

5) поттикнување на развојот на штедно-кредитната служба на село како услов за побрз развој на производството на индивидуалните стопанства;

6) поттикнување на здружените земјоделски производители, по пат на општествено договарање и самоуправно спогодување да одлучуваат за таква распределба на заеднички остварениот доход која ќе создаде материјална основа за модернизација на нивното земјоделско производство и за развој на самоуправните односи.

Член 18

Согласно чл. 1, 4 и 16 на овој договор, републиките и автономните покраини се обврзуваат дека секоја година од 1973 година до крајот на 1975 година за вложувања на индивидуалните земјоделски стопанства на својата територија ќе ги обезбедат најмалку следните дополнителни инвестициони средства, и тоа: СР Босна и Херцеговина — 60,800.000 динари, СР Црна Гора — 9,000.000 динари, СР Хрватска — 99,200 000 динари, СР Македонија — 29,600 000 динари, СР Словенија — 32,000.000 СР Србија, без автономните покраини — 135,800.000 динари, САП Косово — 16,000.000 динари и САП Војводина — 67,700.000 динари (пресметано по цените од 1970 година).

Средствата од став 1 на овој член ќе се користат во вид на кредити на сопственото подрачје за вложувања, во согласност со среднорочните планови на републиките и автономните покраини.

Кредитите од став 2 на овој член ќе се одобруваат преку организациите на здружениот труд што непосредно го организираат производството во кооперација со индивидуалните производители.

Член 19

Републиките и автономните покраини со закон ќе овозможат индивидуалните производители — кооперанти, врз основа на придонесот од сопствениот доход, да можат да се вклучат во системот на здравственото, инвалидското и пензиското осигурување на работниците, со што ќе им биде дадена перспектива, врз основа на зголемувањето на кооперативното производство и сопствениот доход, да си обезбедат општествено-економска положба во поглед на правата и обврските приближно еднаква на положбата на работните луѓе во здружениот труд.

**IV. Завршни одредби**

Член 20

Републиките и автономните покраини се согласни, во согласност со договорената политика на развојот на земјоделството, заедно со федерацијата, да го следат и анализираат движењето на инвестициите во земјоделството и во врска со тоа да ја разгледуваат ситуацијата, и во случај на потреба, посебно да се договараат за преземањето на понатамошни мерки.

Член 21

Измени и дополненија на овој договор се вршат на начинот и по постапката по која е склучен овој договор.

Член 22

Овој договор влегува во сила кога ќе го потврдат собранијата на републиките и на автономните покраини, а ќе се применува од 1 јануари 1973 година.

Член 23

Овој договор е потпишан од сите претставници на републиките и на автономните покраини во осум рамногласни примероци кои се сметаат како автентични текстови.

Член 24

Овој договор да се објави во „Службен лист на СФРЈ".

6 јули 1973 година
Белград

За СР Босна и Херцеговина,
**Шукрија Узуновиќ**, с. р.

За СР Црна Гора,
**Данило Микуновиќ**, с. р.

За СР Хрватска,
**Милан Рукавина**, с. р.

За СР Македонија,
**Јанко Лазаревски**, с. р.

За СР Словенија,
**Милован Зидар**, с. р.

За СР Србија,
**Бранислав Икониќ**, с. р.

За САП Косово,
**Божо Боиќ**, с. р.

За САП Војводина,
**Милан Јањетовиќ**, с. р.

---

**549.**

Врз основа на член 72 од Законот за печатот и за другите видови информации („Службен лист на ФНРЈ", бр 45/60 и „Службен лист на СФРЈ", бр. 15/65), сојузниот секретар за внатрешни работи донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА ЗАБРАНА НА ВНЕСУВАЊЕТО И РАСТУРАЊЕТО НА ВЕСНИКОТ „KLEINE ZEITUNG"

Се забранува внесувањето во Југославија и растурањето на весникот „Kleine Zeitung", број 141 од

21 јуни 1973 година, кој излегува на германски јазик во Грац, Австрија.

Бр. 650-1-2/77
17 јули 1973 година
Белград

По овластување на
сојузниот секретар
за внатрешни работи
потсекретар,
**Саит Мераку**, с. р.

---

**550.**

Врз основа на член 72 од Законот за печатот и за другите видови информации („Службен лист на ФНРЈ", бр. 45/60 и „Службен лист на СФРЈ", бр. 15/65), сојузниот секретар за внатрешни работи донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА ЗАБРАНА НА ВНЕСУВАЊЕТО И РАСТУРАЊЕТО НА СПИСАНИЕТО „DER SPIEGEL"

Се забранува внесувањето во Југославија и растурањето на списанието „Der Spiegel", број 27 од 2 јули 1973 година, кој излегува на германски јазик во Хамбург, Сојузна Република Германија.

Бр. 650-1-22/108
17 јули 1973 година
Белград

По овластување на
сојузниот секретар
за внатрешни работи
потсекретар,
**Саит Мераку**, с. р.

---

**551.**

Врз основа на член 72 од Законот за печатот и за другите видови информации („Службен лист на ФНРЈ" бр. 45/60 и „Службен лист на СФРЈ" бр. 15/65), сојузниот секретар за внатрешни работи донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА ЗАБРАНА НА ВНЕСУВАЊЕТО И РАСТУРАЊЕТО НА ВЕСНИКОТ „IL PICCOLO"

Се забранува внесувањето во Југославија и растурањето на весникот „Il Piccolo", број 8148 од 20 јуни 1973 година, кој излегува на италијански јазик во Трст, Италија.

Бр. 650-1-12/102
17 јули 1973 година
Белград

По овластување на сојузниот
секретар за внатрешни работи
